АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 11.02.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 540 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** Контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово

3. **Период опфатен со надзорот:** 25 јануари 2021 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 11 февруари 2021 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите)

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 18 декември 2020 година, за непочитување на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за преземање мерка - јавна опомена (Уп1 бр. 03-393 од 18 декември 2020 година)* на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово.

*Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот во рок од 15 дена од денот на приемот на решението (23.12.2020 година) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, емитуван на 25 јануари 2021 година, на локално ниво, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението за изрекување мерка јавна опомена, односно ја отстранил извршената повреда на членот 64 став 1** од **Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на

македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедница која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница).

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***